РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за поттикнување на
развојот на земјоделството
Agencia për nxitje të zhvillimit të bujqësisë
Бр./Nr. 01-159/1
19-11-2020 год./vit
Битола-Manastir

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Д Е Л О В Н И К

за работа на Управниот Одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

Битола, Ноември 2020 год.

Врз основа на член 25 од Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Управниот Одбор на седницата одржана на 19.11.2020 год. донесе:

Д Е Л О В Н И К

за работата на Управниот Одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

член 1

Со овој Деловник се уредува начинот на работа, свикувањето на седниците, одлучувањето и други прашања на Управниот Одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (во натамошниот текст Агенцијата).

Одредбите од овој Деловник се применуваат и на другите органи и тела на Агенцијата, на помошните тела на Управниот Одбор (во натамошниот текст Одборот) како и на сите лица што присуствуваат на седниците на овие органи и тела.

член 2

Одборот ги врши работите од својата надлежност согласно законите, другите прописи, Стаутот и општите акти на Агенцијата.

Одборот ги разгледува сите документи (одлуки, решенија, уредби, заклучоци и друго), донесени од страна на Владата на Република Македонија кои се однесуваат за Агенцијата и за Управниот Одбор.

член 3

Седниците на Одборот се свикуваат по потреба, по барање на директорот, на претседателот на Одборот и на една третина од членовите на УО.

Ако свикување на седница бара Директорот или најмалку 20 % од вкупниот број на вработените во Агенцијата, свикувањето е задолжително.

член 4

Седниците на Одборот по правило се одржуваат во службените простории на Агенцијата.

По исклучок на одредбите од став еден на овој член, претседателот на Одборот може да закаже седница на Одборот on-line во случаеви кога Одборот неможе да се состане согласно одредбите од став еден на овој член од било кои причини.

член 5

На седниците на Одборот покрај членовите на Одборот и директорот на Агенцијата можат по потреба да присуствуваат и раководителите на Регионалните центри, доколку на седниците на Одборот се разгледуваат прашања од делокругот на Работната Единица од тој центар.

На седниците на Одборот, врз основа на покана или одобрение од претседателот на Одборот, можат да присуствуваат и други лица.

Претседателот на Одборот е должен да му одобри на вработен на Агенцијата присуство на седницата на Одборот, доколку на таа седница се разгледува и одлучува по негов приговор.

член 6

Одборот го претставува неговиот претседател.

Во случај на спреченост на претседателот, Одборот определува член кој ќе го заменува.

член 7

Претседателот на Одборот покрај работите утврдени во овој Деловник ги врши и следните:

- раководи со работата на Одборот
- ги потпишува донесените акти, одлуки , решенија и слично
- ги свикува седниците на Одборот
- ја координира работата на членовите на Одборот
- се грижи за редот и дисциплината на седниците
- истапува во име на Одборот пред трети лица
- врши и други работи кои ќе произлезат од работата на Одборот.

II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

член 8

Членовите на Одборот имаат право на седниците на Одборот или надвор од нив да бара од директорот и раководителите на Работните Единици појаснувања, информации, службени материјали и документи кои се однесуваат на целокупното работење на Агенцијата и Регионалните работни единици.

член 9

Членот на Одборот има право да се изјаснува усмено или писмено за сите прашања што се на дневен ред на седниците и да предлага соодветни одлуки, заклучоци и други акти.

член 10

Членот на Одборот има право и обврска да гласа за предлог-одлуките што се на дневен ред на седниците со изјаснување ЗА или ПРОТИВ.

Членот на Одборот има право да се воздржи од гласање.

член 11

Членот на Одборот е должен да присуствува на седниците на одборот, а може и да изостане од седниците само од оправдани причини.

Членот на Одборот е должен да го оправда своето отсуство од седниците на одборот еден ден пред денот определен за седницата.

член 12

Членот на Одборот е должен да се придржува кон пропишаниот ред на седниците на Одборот, во спротивно може да му бидат изречени мерки предвидени со овој деловник.

член 13

Членовите на Одборот имаат право на надоместок за присуство на седниците.

Висината на надоместокот се утврдува со одлука на Одборот.

III. ПОДГОТВУВАЊЕ И ЗАПОЧНУВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

член 14

Предлогот на дневниот ред за седниците на Одборот го утврдува претседателот на Одборот.

Иницијатива за утврдување на дневниот ред може да даде директорот и членовите на Одборот.

член 15

Материјалот за седницата на Одборот содржи записник од претходната седница, предлог на одлуките чие донесување се предлага со образложение и друга потребна документација и информации.

Материјалот од претходниот став им се доставува на членовите од Одборот, на директорот и на раководителите на регионалните работни единици, доколку предлог одлуките се однесуваат на работата од нивната надлежност.

Материјалот за седницата на Одборот се доставува со поканата за седницата на Одборот.

член 16

Седниците ги свикува, отвора и со нив раководи претседателот на Одборот, а во случај на негова спреченост определен член кој го заменува.

По отворањето на седницата се пристапува кон утврдување на потребниот кворум за полноважно работење и одлучување, а потоа се утврдува дневниот ред.

Седницата на Одборот може да се одложи доколку се утврди дека го нема потребниот кворум за полноважна работа и одлучување.

член 17

Дневниот ред за седницата на Одборот го утврдува Одборот по предлог на претседателот.

По исклучок, а по барање на член на Одборот, предложениот дневен ред може да биде изменет или дополнет доколку барањето биде образложено.

член 18

Пред преминувањето на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница на Одборот.

До колку се дадени забелешки и мислења на записникот од претходната седница, истиот се смета за усвоен заедно со предложените измени.

IV. РАБОТЕЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

член 19

Одборот работи и одлучува за сите прашања согласно со законите, статутот и општите акти на Агенцијата.

член 20

За секоја предложена одлука, заклучок или друг акт, Одборот претходно одржува претрес односно расправа, а потоа пристапува кон одлучување односно со гласање.

Гласањето е јавно, со кревање на рака.

Одборот може да одлучи, за определени прашања гласањето да биде тајно, со гласачки ливчиња.

Тајното гласање го спроведува Комисија составена од 3 членови кои ги именува Одборот од својот состав.

член 21

По завршеното гласање, претседателот на Одборот ги утврдува резултатите од гласањето.

Предложената одлука или заклучок или другиот акт се смета за донесен, односно прифатен ако за нив гласале мнозинството членови од присутните на седницата.

По завршеното гласање претседателот на одборот ги соопштува резултатите од гласањето и објавува на самата седница каква одлука, заклучок или друг акт се донесени.

член 22

Седницата на Одборот може да биде одложена доколку по отворањето настанат определени околности кои објективно го оневозможуваат понатамошниот тек на седницата и доколку се констатира дека во текот на седницата се намали бројот на членовите потребен за полноважно работење и одлучување (кворум).

Седницата на одборот ја одложува претседателот.

член 23

Седницата на Одборот се прекинува во следните случаи:

- заради одмор во текот на седницата
- кога не постојат изгледи седницата да заврши во текот на денот
- кога ќе дојде до посериозно нарушување на редот и дисциплината на седницата на Одборот.

Седницата на Одборот ја прекинува претседателот.

член 24

Одложената и прекината седница продолжува со работа најдоцна во рок од три дена од денот на нејзиното одложување, односно прекинување.

Одложената и прекината седница повторно ја закажува претседателот на Одборот.

член 25

По завршениот претрес и одлучување на сите прашања кои се на дневен ред на седницата, претседателот јавно прогласува дека седницата на Одборот е заклучена.

Заклучената седница на Одборот не може да продолжи со работа.

V. ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ НА СЕДНИЦАТА

член 26

За повреда на пропишаниот ред на седницата на присутните лица може да им се изрече опомена, одземање на зборот и оддалечување од седницата.

Изречената мерка за повреда на пропишаниот ред на седницата се внесуваат во записникот од седницата.

член 27

Мерката опомена се изрекува на присутно лице на седницата кое со своето однесување и говор го нарушува пропишаниот ред.

Мерката опомена ја изрекува претседателот на Одборот.

член 28

Мерката одземање на зборот се изрекува на присутното лице на седницата кое со своето однесување или говор го нарушува пропишаниот ред, а веќе на истата седница бил опоменет.

Мерката одземање на зборот ја изрекува претседателот на Одборот.

член 29

Мерката оддалечување од седницата се изрекува на присутно лице на седницата кое и покрај одземениот збор продолжува и понатаму да го нарушува пропишаниот ред, како и на лице кое на друг начин грубо ја попречува работата на седницата на Одборот.

Мерката оддалечување од седницата ја изрекува Одборот.

VI. АКТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

член 30

Одборот донесува општи акти, решенија, заклучоци и препораки.

Со општ акт и одлука се одлучува за прашања од областа на работата на Агенцијата.

Со решение се одлучува за правата и обврските на поединци.

Со заклучок се одлучува за процедурални прашања и прашања за кои Одборот е надлежен само да ги разгледува.

Со препораки се искажува ставот на Одборот по одредени прашања од работата на Агенцијата и се дава мислење од потребата за преземање на определена мерка.

VII. ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦАТА

член 31

За седниците на Одборот се води записник.

Записникот на седниците на Одборот го води постојан или повремен записничар кој на првата седница на Одборот го назначува Одборот.

член 32

Записникот од седниците на Одборот содржи:

- означување на седницата
- време и место на одржување на седницата
- почеток на седницата
- означување на присутни лица
- податоци за оправдување на изостанокот од претходната седница
- податоци за усвојување на записникот од претходната седница
- дневен ред на седницата
- текот на претресот и расправата
- текот на одлучувањето и донесената одлука
- други настани на седницата
- времето на заклучување на седницата.

член 33

Записникот од седниците се составува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на седниците. Записникот од седниците го заверуваат своерачно (со потпис) претседателот на Одборот и записничарот.

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 34

Измените и дополнувањата на овој деловник можат да се вршат во постапка на негово донесување.

член 35

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 01-159/1
19.11.2020 год.
Б и т о л а

Претседател на Управниот Одбор
Проф. Д-р. Митре Стојановски